# НАСОКИ
## за добивање на документ за инвалидност, Наод и мислење за соодветно работно место и вработување на инвалидно лице

Овие насоки имаат за цел да ја појаснат постапката за добивање на документ за инвалидност и специфичните потреби на инвалидното лице и добивање на **Наод и мислење за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место,** а се во функција на поефикасно вработување на инвалидното лице.

Согласно член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на РМ" бр.44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015, 147/2015, 27/2016 и 99/2018 - во понатамошниот текст: Закон), **инвалидно лице** во смисла на овој закон, е **лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со пречки во интелектуалниот развиток и лице со комбинирани пречки** кое поради степенот на инвалидност има специфични потреби во работењето.

### 1. Утврдување на инвалидност и специфични потреби

Инвалидноста врз основа на поднесено барање од инвалидното лице, неговиот родител или старател ја утврдуваат повеќе стручни органи - комисии. На која комисија ќе се упати лицето заради утврдување на инвалидност и специфични потреби пред се зависи од возраста на лицето кај кое се утврдува инвалидност и од видот и степенот на попреченост во менталниот или телесниот развој.

#### - Утврдување на инвалидност и специфични потреби на лица до 26-годишна возраст

За лицата до наполнета 26-годишна возраст, во Правилникот за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој ("Службен весник на РМ" бр.172/2016), определени се стручните органи кои даваат Наод и мислење за специфичните потреби на инвалидното лице.

Лицето на кое треба да му се утврди инвалидност и специфични потреби, Центарот за социјални работи го упатува до соодветна установа каде лицето треба да се обрати за да добие Наод и мислење за специфичните потреби (документ за инвалидност).

По добивањето на соодветен Наод и мислење од установата во која било упатено, инвалидното лице со добиениот Наод и мислење треба да се јави во Центарот за социјална работа. Центарот за социјални работи врз основа на Наодот и мислењето, на лицето му издава соодветно решение за утврдената инвалидност и специфични потреби.

Во водењето на оваа постапка стручна помош треба да се бара од Центарот за социјални работи во местото на живеење на лицето.

**- Утврдување на инвалидност на лица над 26-годишна возраст**

За лицата над 26-годишна возраст, надлежен орган за утврдување на инвалидност е Комисијата за оценка на работната способност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

На инвалидно лице со навршени над 26 години возраст, кое има документ за видот и степенот на попреченост согласно со законските прописи од социјалната заштита издаден пред повеќе од 10 години, при првото вработување задолжително му се утврдува инвалидност од страна на комисија за оцена на работната способност на Фондот.

Во водењето на оваа постапка стручна помош треба да се бара од Подрачната единица на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во местото на живеење на лицето.

**2. Пријавување во Центарот за вработување**

По добивањето на Наодот и мислењето од надлежниот орган и Решението од Центарот за социјална работа за утврдена инвалидност и специфични потреби на инвалидното лице, односно Решението и Наодот и мислењето од Комисијата на Фондот на ПИОМ за утврдена инвалидност, инвалидното лице задолжително треба да се пријави во Центарот за вработување како невработено инвалидно лице - активен барател на работа. Оваа обврска не се однесува на инвалидните лица кои се во работен однос.

**1. Наод и мислење за определување на работите кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место**

Инвалидното лице по добивањето на Наодот и мислењето за утврдена инвалидност и специфични потреби во работењето и пријавувањето во Центарот за вработување како невработено инвалидно лице, пред да се вработи треба да добие **Наод и мислење за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место.** Овој Наод и мислење го издава Комисија при Министерството за труд и социјална политика за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место. (За вработеното инвалидно лице и во случај на прераспоредувањето од едно на друго работно место во иста фирма, потребен е Наод и мислење за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место.)

За добивање на наведениот Наод и мислење, се поднесува следната документација:

- Пополнето барање;

(Барањето е во вид на формулар и истото заедно со упатството за пополнување може да се добие: во Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје, од интернет страницата на Заедницата, да биде испратено по факс или преку  електронска пошта; формуларот е бесплатен);

- Решение од Центарот за социјална работа за видот и степенот на пречките во физичкиот или психичкиот развој, заедно со соодветниот Наод  и мислење од органот кој ја утврдил инвалидноста, за лица кај кои инвалидноста е

утврдена до 26-годишна возраст или Решение и Наод, оцена и мислење од Комисијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, за лица кај кои инвалидноста е утврдена над 26-годишна возраст;

- Уверение односно свидетелство за видот или степенот на образованието или работното оспособување на инвалидното лице;
- Упат од Центарот за вработување за донесување на Наод и мислење (во оригинал);
- Извадок од систематизација со опис и попис на работните задачи кои ги работи или ќе ги работи инвалидното лице, а за кои се бара Наод и мислење и
- Фотокопија од лична карта.

**Пополнетото барање заедно со наведената документација се поднесува до Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје**, која ги врши административно-техничките работи за потребите на Комисијата.

Во оваа фаза од постапката во случај на дополнителни прашања, поднесувачот на барањето треба да се обрати до Заедницата, каде ќе ги добие потребните појаснувања.

По комплетирањето на погоре наведената документација, Заедницата истата ја проследува до Комисијата при Министерството за труд и социјална политика, по што следи постапката за одлучување по барањето и издавање на Наод и мислење.

## 2. Како да се вработи невработено инвалидно лице

Откако за инвалидното лице од Комисијата при Министерството за труд и социјална политика ќе се добие Наод и мислење за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место, инвалидното лице може да се вработи (односно работодавачот може да го прераспореди од едно на друго работно место).

Постапката за засновање на работен однос на инвалидното лице е иста како и при заснoвањето на работен однос на неинвалидно лице, а се спроведува согласно одредбите на Законот за работните односи и други прописи.

Работниот однос со работодавачот треба да се заснова на работното место за кое се однесува Наодот и мислењето.

Во водењето на постапката за вработување на инвалидното лице стручна помош треба да се бара од Центарот за вработување во местото каде е седиштето на работодавачот.

## 3. Добивање на дополнителни информации при вработување на инвалидно лице

Доколку се јават дополнителни прашања за некоја од постапките во погоре наведените точки, на заинтересираните им сугерираме да се јават во Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје на тел.: 02/3-229-013 и 02/3-212-451 или лично да дојдат во Заедницата, во текот на целото работно време. Стручната служба на Заедницата ќе ги даде дополнителните информации.

**Од Заедницата**